Здружение за поддршка на еколошкиот живот и развој на одржливо земјоделско производство
ХАРВЕСТ КООПЕРАТИВ
Охрид
Бр. 2024/07
27.02 2024 г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 03-197/1
27.02 2024 год.
СКОПЈЕ

**ЗДРУЖЕНИЕ „ХАРВЕСТ КООПЕРАТИВ“**
**ОХРИД**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во СКОПЈЕ**

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Помеѓу:

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА НА ЕКОЛОШКИОТ ЖИВОТ И РАЗВОЈ НА ОДРЖЛИВО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО „ХАРВЕСТ КООПЕРАТИВ“ ОХРИД (понатаму ЗДРУЖЕНИЕ „ХАРВЕСТ КООПЕРАТИВ“ ОХРИД),** со седиште на: ул. „Железничка“ бр. 1, Охрид, претставувано од Акин Сезер, претседател,

И

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА – СКОПЈЕ УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во СКОПЈЕ** со седиште: ул. „16-та Македонска Бригада“ бр.3 Скопје, претставуван од проф. д-р Вјекослав Танасковиќ – Декан на Факултетот,

Предмет на соработка помеѓу потписниците на овој **МЕМОРАНДУМ** е започнување на активности на полето на истражувачката и апликативна работа помеѓу: **ЗДРУЖЕНИЕТО „ХАРВЕСТ КООПЕРАТИВ“ ОХРИД** и **ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ**, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 1**

Овој Меморандум за соработка претставува правна рамка за изразување на интерес за промовирање и развој на соработката помеѓу двете страни потписнички. Соработката ќе се реализира на сите полиња од заеднички интерес, преку склучување на дополнителни договори кои ќе ја одредуваат целта на научната и истражувачката работа, практичната работа во различни области на делување и ќе вклучува заеднички и координирани истражувачки активности, проекти, објавување на резултатите од истите, и користење на резултатите во процесот на едукација.

**Член 2**

Секој вид на соработка ќе се утврдува со посебни договори помеѓу двете договорени страни, а врз основа на одредбите од овој меморандум.

Предмет на посебен договор ќе биде и начинот на размена на експерти, предвидените истражувачки програми, начинот и условите за изведување на истите од страна на наставно-научниот и соработничкиот кадар од **ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА – СКОПЈЕ**, во соработка со **ЗДРУЖЕНИЕТО „ХАРВЕСТ КООПЕРАТИВ“ ОХРИД** користејќи ги заемно просторните, техничките и други капацитети на двете договорени страни.

**Член 3**

Потписниците на овој Меморандум се согласуваат да дадат свој придонес кон остварувањето на заедничките цели во периодот на соработка.

Пред започнување на заеднички проекти, помеѓу договорените страни ќе бидат назначени точните податоци за поединечните активности и на двете договорени страни, за што дополнително ќе се склучи договор.

**Член 4**

Меморандумот за соработка меѓу **ЗДРУЖЕНИЕТО „ХАРВЕСТ КООПЕРАТИВ“ ОХРИД** и **ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ - СКОПЈЕ**, се склучува на неопределено време.

Секој од потписниците на овој меморандум може да побара раскинување на истиот, преку писмено известување до другиот потписник на меморандумот и наведување на причините за негово раскинување.

Меморандумот престанува да важи по истекот на 30 дена од денот кога другиот потписник на меморандумот ќе го потврди приемот на известувањето за раскинување на меморандумот.

**Член 5**

Овој меморандум е составен во 4 (четири) идентични примероци, по 2 (два) за секоја договорна страна.

Меморандумот за соработка влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Скопје,
27.02, 2024 година

**ЗДРУЖЕНИЕ „ХАРВЕСТ КООПЕРАТИВ“ ОХРИД**

Акин Сезер

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

Декан

Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ